**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ТОП ВЕСТИ:**

- Делчево се подготвува за големиот јубилеј: 150 години Разловечко востание
- Бизнис -форум во Делчево
- Делчево го проширува кругот на семејството на пријателски општини
- Традицијата продолжува: Велигденска изложба 2026


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 51 АПРИЛ 2026


## Делчево се подготвува за големиот јубилеј: 150 години Разловечко востание




### Бизнис -форум во Делчево



### Делчево го проширува кругот на семејството на пријателски општини



### Традицијата продолжува: Велигденска изложба 2026




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 8 Седница на Советот на Општина Делчев. Усвоена Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево

Советот на Општина Делчево ја одржа 8 Седница на која се расправаше и се донесоа акти по 30 точки предложени на Дневниот ред за Седницата.

**-Советниците ја усвоија и Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**, а согласно со податоците, во текот на 2025 година, вкупните приходи во Буџетот се наплатени во износ од 424.070.323 денари, што претставува 90% од вкупно планираните приходи во вкупниот Буџет на Општината. Анализата на приходната страна на Основниот буџет покажува наплата на 156.717.879 денари или 81,8% од вкупно планираните 191.558.725 денари.

Од вкупно планираните расходи во Буџетот за 2025 година, во износ од 474.434.976 денари, во вкупниот Буџет реализирани се 416.436.651 денари или 88%, додека во Основниот буџет од планирани 191.558.725 денари се реализирани 156.717.879 денари односно 82%. Капиталните расходи се планирани во износ од 117.515.291 ден., а се реализирани во износ од 92.587.330 ден. или изразено во проценти 78,7%, а во однос на вкупните расходи во Основниот буџет процентот е 22%. Во 2025 година реализирани капитални расходи во износ од 92.587.330 ден.

Советниците ги усвоија и: Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 30.09.2025 и Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 31.12.2025, како и Годишниот извештај на Општина Делчево за 2025 година;

**Советниците ги донесоа и следните одлуки:**

**-Одлуката за изразување интерес на општините и сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2"/ четврт циклус 2026-2027 /-** Согласно со Одлуката, Општина Делчево ќе обезбеди 20% од сумата која што Општината ќе ја добие во вид на проектен грант за реализација на 1 приоритетен проект за заедницата избран преку партиципативен пристап – т.е. Форуми во заедницата. Финансиските средства кои избраните ЕЛС ќе ги добијат во рамки на овој повик, административно ќе се управуваат од страна на УНДП.

**-Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Делчево во предлог-проектот Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на ј авно улично осветлување со ЛЕД– осветлување (Smart Led lightening Project)**". Со оваа Одлука се утврдува сопственото финансиско учество на Општина Делчево за предлог- проектот кој Центарот за развој на Источен плански регион ќе го аплицира за користење средства за финансирање проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој. Предвидениот буџет за реализација на проектот изнесува 5.064.560 денари, од кои 4.507.458.4 денари ќе бидат средства побарани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, а износ од 557.101.6 денари или 11 % ќе ги кофинансира Општина Делчево од Буџетот на Општината за 2026 година.

# Совет на Општина Делчево

**-Одлука за сопствено учество на Општина Делчево во предлог-проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популација на кучињата скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион**. Со оваа Одлука се утврдува сопственото финансиско учество на Општина Делчево за предлог- проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион", кој Центарот за развој на Источен плански регион ќе го аплицира за користење средства за финансирање проекти за развој на ИПР од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој. Предвидениот буџет за реализација на проектот изнесува 5.172.760,00 денари, од кои 4.500.301,00 денари ќе бидат средства побарани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, а износ од 672.459,00 денари или 13 % од вкупната вредноист на проектот, се средства предвидени за кофинансирање од страна на сите 11-те општини во состав на ИПР. Општина Делчево ќе кофинансира со износ од 61.133,00 денари, од Буџетот на Општината.

Меѓу другите одлуки, на денешната Седница беа донесени и: Одлука за формирање Партиципативно тело на Општина Делчево; Советот ги усвои годишните извештаи за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2025 година и на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година. Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево; Годишен извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2025 година и Годишна Програма за работа на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2025 година; Решение за именување членови на УО на ЈЛБ „Илинден"; Годишна сметка на ООУ „Ванчо Прке" за 2025 година; Годишна сметка на ООУ „ Св.Климент Охридски" за 2025 година; Годишна сметка на СОУ „М.М.Брицо" за 2025 година; Решение за именување на претставник на Министерството за социјала демографија и млади во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови". Годишна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2025 година; Извештај за реализација на Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево. Исто така, на Советот беа донесени повеќе одлуки од областа на урбанистичкото планирање.

Советот на Општина Делчево даде согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите бр.02-64/9 од 23.03.2026, донесена од страна на Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови".





# Советот ја одржа 9 Седница

Совет на Општина Делчево

На 9  Седница на Советот на Општина Делчево, советниците расправаа и донесоа акти по 24 точки предложени на Дневниот ред.

Советниците ја поддржаа **Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година,** каде е предвидено проширување на Планот во Буџетот на дотации. Кај овој Буџет, во билансот на приходи има проширување за 4.087.496 денари, односно за пренесен вишок приходи од претходната година (конто 741114). Проширувањето се однесува на Програма К1 (ЈЛБ „Илинден“) во износ од 19.837 денари, кај Програма Н1 (овде влегуваат двете основни училишта) во износ од 914.773 денари, Програма Н2 (СОУ „М.М.Брицо“) во износ од 2.998.620 денари и кај Програма В1-(детската градинка „Весели Цветови“) во износ од 914.773 денари.
На Седницата беше формирана **Комисијата за доделување награди и признанија на Општина Делчево** во чиј состав членуваат: Николчо Стојменовски, Бобан Никовски, Сашко Ивановски, Марина Синадиновска, Виолета Гиздовска, Македонка Поповска, Наташа Димитровска.
Советот донесе Одлука **за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово** за вршење на работите во областа на инспекцискиот надзор, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност за потребите на Општина Делчево.
Воедно, беше донесено и **Решение за именување членови на Заедничка комисија за подготовка на предлог-** акт за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово и за членови на Комисијата од Општина Делчево се именуваат Ивана Ивановска и Сузана Петровска.
Советот ја прифати **донацијата дадена во добра и услуги од дарителот на донацијата Здружение ФУДБАЛСКИ КЛУБ БРЕГАЛНИЦА 1926** – Делчево. Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во 4 (четири) мултифункционални спортски справи (за вежбање грб, гради,стомачни и нозе). За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Делчево, како примател на донацијата и дарителот на донацијата.
Советот го прифати предлогот за **воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица** за извршување работи и работни задачи во надлежност на Одделението за инспекциски надзор – овластен инспектор за заштита на животната средина од Општина Делчево за Општина Македонска Каменица.
Советот донесе **Одлука за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Провинција Кунео, Република Италија**. Согласно со Одлуката, се овластува градоначалникот на Општина Делчево во име на Општина Делчево да го потпише актот за збратимување на Општина Делчево, Република Северна Македонија со општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Провинција Кунео, Република Италија. Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените општини ќе се утврди со посебен документ.
Исто така, на Седницата беше донесени **Одлука за збратимување на Општина Делчево Република Северна Македонија со Општина Рача, Република Србија**. За таа цел и согласно со донесената Одлука се овластува градоначалникот на Општина Делчево во име на Општина Делчево да го потпише актот за збратимување на Општина Делчево со Општина Рача.
Меѓу другите одлуки, советниците ги усвоија и донесоа соодветни акти и за: Годишната сметка на ЈЛБ „Илинден“ за 2025 година, Измената на  Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година; Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 година; Годишната сметка сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025; Програма за измена на Програмата за образование за 2026 година; Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата за Општина Делчево за 2026 година; Програма за управување со отпад за 2026 година; Одлука за финансиска поддршка на Фудбалски клуб „Брегалница 1926“ Делчево; Одлука за финансиска поддршка на Меѓуопштинско здружение на цивилните инвалиди од војната Штип; Одлука за  одобрување финансиска поддршка на Павле Богдановски; Одлука за одобрување финансиска поддршка на Боксерски клуб „Тигар“ МБМ Делчево; Годишната програма за работа на ТППЕ Делчево за 2026 година и Оперативниот план за делување на ТППЕ Делчево во периодот од 01.01.2026 до 31.12.2026 година; Одлука за парична помош на Ванчо Ѓеоргиевски.

# Дел од улицата „Орце Николов“ доби асфалт

Актуелности





Дел од улицата „Орце Николов“ во населбата Ново Делчево доби асфалт во должина од 160 метри со што заврши изградбата на овој инфраструктурен проект кој поврзува многу нови градби во овој дел од населбата познат како Шумски Расадник. Претходно на овој дел од улицата беше изградена и подземна инфратсруктура, а покрај асфалтирањето на коловозот кој е со ширина од 6 м, на овој потег се изградени и тротоари.

Увид во завршните работи на улицата изврши градоначалникот Иван Гоцевски кој изрази задоволство од завршните работи на улицата и посочи дека изградбата на нови улици и решавање на проблемот со патната инфраструктура останува да биде приоритет број еден.

Градежните работи на улицата ги изведуваше „Стентон градба“, а средствата се обезедени од Светска банка преку Министерството за транспорт и врски.

Актуелности

# Се одржа првиот Бизнис-форум во Делчево
# Градоначалникот Гоцевски: Денес разговараме за можностите и за иднината




Потенцијалите за развој на Делчево, новиот ГУП, економските зони и новите можности за инвестиции што ги нуди Делчево беа презентирани на Бизнис-форумот кој се одржа денеска во Делчево и кој на едно место ги обедини бизнис-заедницата од Делчево и од пограничниот регион, инвеститори, претставници од централната власт и на институции, но и општини од соседна Бугарија и претставници од Македонско-бугарската стопанска комора.

Под мотото „Заедно да подадеме рака на развојот", форумот се одвиваше во 3 панел-дискусии: Локален економски развој, иновации и дигитализација и регионална соработка и можности на ИПА-програмата на кои говореа проф. д-р Орце Симов, претседател на ИКТ-комора на Македонија и претседател на АЕК, Јане Вангеловски, помошник-раководител на Секторот за ЕУ во МЛС, Тони Стоименовски, советник за ЛЕР во Општина Делчево, а свои обраќања имаа и Марјан Ристески, заменик-министер во Министерството за економија и труд, Мила Секуловска, претставник од Македонско-бугарска стопанска комора и градоначалникот на Општина Благоевград Методи Бајкушев.

Домаќинот на форумот, градоначалникот Иван Гоцевски кој го отвори форумот, во своето обраќање посочи дека бизнис-форумот претставува платформа која обединува идеи, визии и можности за економски напредок на Делчево.

-Овој форум го сфаќам како почеток на нови пријателства и партнерства, нови идеи и нови успеси. Како одговорна локална самоуправа, ние не сме само институција, ние сме вашите партнери. Нашата обврска е да создадеме средина во која вашиот труд ќе расте, ќе се развива и ќе дава резултати. Ќе продолжиме да работиме посветено за да обезбедиме стабилност, поддршка и услови што ќе го поттикнат секој ваш чекор напред. Заедно можеме многу повеќе. Заедно можеме да создадеме дела што ќе остават трага и ќе ја остварат нашата визија за ова убаво гратче на крајниот исток од државава, како посакувана инвестициска дестинација, нагласи Гоцевски.

Тој нагласи дека сите имаат обврска преку професионалното делување да се овозможат нови текови на развој кои ќе ја обезбедат иднината на убавото гратче покрај Брегалница и ќе ги задржат младите дома, овде да ја градат својата кариера и да формираат семејство и да ја продолжат приказната на пограничното гратче менувајќи го наративот и говорејќи само за успешна бизнис-клима и услови за раст и развој.

Заменик-министерот Марјан Ристески во своето обраќање посочи дека организирањето на ваквите бизнис- форуми се одлична можност за вмрежување на компаниите и инвеститорите, но и поврзување на бизнис-заедницата и институциите што може да резултира со создавање нови економски можности и инвестициски иницијативи.

-Сметам дека Општина Делчево, како и останатите општини од Пијанечкиот и Малешевскиот регион имаат многу што да понудат на инвеститорите од Македонија и Бугарија, дека постои голем потенцијал за економска соработка, а секако треба да се искористат и можностите за прекуграничната соработка – кажа заменик-министерот Ристески.

Во рамките на форумот беше организиран и саем на локални фирми на кој со свои производи се претставија 9 фирми: ФРОТИРКА-КОМПАНИ, АЛСОЛЕ, СОНИТЕКС, РУДИНЕ, ММЦ, БРЕГАЛ, а презентација на специјалитети понудија ресторанитe: МОНОПОЛО, ЦАРЕВОСЕЛСКИ, ДВЕ ЛИПИ и индивидуални производители.

# Делчево изработува Стратегија за ЛЕР за 2026-2031

Актуелности



Општина Делчево го започна процесот на изработка на новиот стратешки документ кој ќе го планира локалниот економски развој за период од 5 години. На работилницата присуствуваа претставници од институциите, од граѓанскиот сектор, од бизнис-заедницата и од Општина Делчево, а првата работилница ја отвори градоначалникот Гоцевски.

Гоцевски истакнувајќи го значењето на овој стратешки документ истакна дека Стратегијата за ЛЕР е еден од најважните стратешки документи што го планира стратешкиот развој на Општината и претставува јасна визија и насока за економски напредок и подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани.

– Ова не е само административен процес туку заедничка мисија. Мисија да создадеме силна, одржлива, конкурентна, локална економија. Мисија да отвориме нови можности, за вработување, за развој, да ги поддржиме локалните бизниси и да изградиме средина во која младите ќе ја гледаат својата иднина, токму тука, во нашето Делчево. Во овој процес ги вклучуваме сите-стопанственици, институции, граѓански организации и секој поединец кој сака да придонесе- е добредојден. Нашата цел е јасна: да ги искористиме потенцијалите што ги имаме, да привлечеме нови инвестиции и да обезбедиме стабилен економски раст кој ќе се чувствува во секое семејство. Затоа, овој стратешки документ за нашата Општина има огромно значење. Документот нуди рамка за развој на нашата Општина во секоја смисла на зборот, нагласи Гоцевски.

Инаку, во стратешкиот документ преку партиципативен пристап ќе се одредуваат прироритетните области со визијата и мисијата на Општината, а планирано е да се одржат две работилници. Драфт-верзијата на документот се очекува да биде готова по годишните одмори по што документот ќе биде ставен на јавна расправа, а конечната верзија ќе биде дадена на усвојување од Советот на Општина Делчево.

# Средба на министерот Трипуновски со земјоделците од Делчево

Актуелности




Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски, имаше средба со земјоделците во Делчево во рамки на кампањата „Гласот што го слушаме – Македонско најдобро“, чија цел е преку директна комуникација со земјоделците да се креираат политики во интерес на домашното земјоделско производство.

На средбата, присуствуваше и градоначалникот Гоцевски кој истакна дека земјоделството има приоритетно место во неговата програма и во програмата на Владата и дека поддршката на земјоделците, значи поддршка во локалната економија.

На средбата се презентираа и политиките и мерките за поддршка на македонското земјоделство, производството и сето она што е сработено изминативе, речиси, две години мандат на Владата. Министерот Трипуновски истакна дека кампањата се реализира низ повеќе општини во државата, со цел земјоделците директно да ги изнесат своите потреби и предлози пред ресорното министерство. Според него, ваквиот пристап е значаен за креирање отворени и ефикасни политики во интерес на македонското земјоделство. Осврнувајќи се на актуелните исплати кон земјоделците, министерот посочи дека по добиеното известување од Брисел, продолжува процесот на искористување на средствата и исплатата на предвидените финансиски поддршки.

# Волонтерите во акција: се уредуваа детски игралишта

Актуелности



На детските игралишта во населбата Милково Брдо се санираше оштетената урбана опрема, се бојадисуваа клупите со што игралиштата добија нов лик и прераснаа во пријатно катче за одмор и рекреација. Уредувањето на детските игралишта е во рамките на првата волонтерска акција која ја организираше Општина Делчево заедно со млади волонтери од ОО на Црвен крст Делчево, вработени од ЈКП „Брегалница" Делчево и лица ангажирани преку Програмата за јавни дејности. Потребните материјали и средства за реализација на акцијата ги обезбеди Општина Делчево.

Со оваа интервенција започна волонтерската акција за уредување и санирање на парковите и игралиштата која согласно планот треба да ја опфати целата територија на Општина Делчево.

Градоначалникот Иван Гоцевски истакна дека оваа волонтерска акција беше неопходна, бидејќи состојбата со детските паркови и игралишта кои беа доста запоставени и се наоѓаат во многу лоша состојба, со искршени клупи и дотраени реквизити, претставуваа ризик за користење.

– Со овие активности, целта е повторно да се врати детскиот џагор во парковите и да се обезбеди безбедна и пријатна средина каде децата ќе можат слободно да играат и да уживаат. Не пропуштајте ја шансата како ВОЛОНТЕР да бидете дел од оваа наша прекрасна приказна за која редовно ќе информираме, нагласи Гоцевски.

Волонтерите ќе го разубавуваат целиот град и ќе реагираа секаде каде има поставено урбана опрема, при што со акцијата ќе се опфати и санација и бојадисување на канделабрите, оградите на мостовите и сл.

Актуелности

# Дронско следење на теренот за превенција од пожари






Општина Делчево, преку ТППЕ Делчево и согласно со насоките на Општинскиот штаб за заштита и спасување, започнува со спроведување редовни дронски контроли на терен, со цел навремена превенција и откривање потенцијални шумски пожари.
Со користење на новата современа технологија, значително се унапредува мониторингот на ризичните подрачја и се овозможува побрза и поефикасна реакција на надлежните служби.
Овие активности ќе продолжат и во наредниот период, во координација и соработка со други релевантни институции, со заедничка цел – заштита на шумите, животната средина и безбедноста на граѓаните.
Апелираме до сите граѓани на одговорно однесување и почитување на мерките за заштита од пожари.

# КАМПАЊИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ

Актуелности



Со сообраќајно едукативно предавање во ООУ „Ванчо Прке“ започна овогодинешната реализација на „Кампањата за безбедност на децата во сообраќајот“ организирана од РСБСП прекуОСБСП Делчево, МВР ОВР Делчево и МВР РЦГР – Исток под мотото „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“. Целта на овие предавања за децата од основното образование е безбедно учество во сообраќајот и сообраќајна едукација на децата преку запознавање со правилата и прописите за одговорно учество во сообраќајот како пешаци, велосипедисти и патници, посебно важни за нивната возраст. Учениците учеа: поминување пешачки премин, движење по улица или пат надвор од населено место, поминување улица/пат каде нема обележан пешачки премин, користење сигурносен појас во возилото итн.

Со матурантите од СОУ „Методи Митевски- Брицо“ беше одржано превентивно предавање во рамки на националната кампања „На матурска прослава без автомобил“, преку кое на матурантите им беше укажано за одговорно учество во сообраќајот без употреба на алкохол со порака дека секој живот е важен и бесценет. На ова предавање тие беа запознаени со важноста од одговорно однесување, како и со последиците од непочитување на законските прописи од областа на сообраќајот и од областа на јавниот ред и мир.

Овие кампањи се дел од превентивните активности предвидени и во Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево и Акцискиот план на Стратегијата за безбедност на патиштата Делчево 2023-2027, а имаат за цел да ја унапредат безбедноста на децата и младите како учесници во сообраќајот.

Во Општина Делчево согласно со анализата на податоците за сообраќајни незгоди за 2025 година се забележува дека има учесници – деца од старосната категорија од 0 до 14 години кои чинат 3% од вкупниот број лица. Старосните категории каде се вклучени младите лица (0-14 и 15-24) чинат 20% од вкупниот број лица кои учествувале во сообраќајни незгоди.

**За периодот што претстои, од страна на ОСБСП Делчево се апелира до возачите на делот од патот или улицата каде се движат деца или се поставени сообраќајни знаци за учество на деца во сообраќајот, да возат со особена претпазливост и прилагодена брзина за запирање на возилото во случај на потреба!**

# Општина Делчево ќе се збратимува со Родино, Монфорте д' Алба и Новело од Италија





Општина Делчево ја отвора вратата за создавање нова приказна исткаена од новите пријателства на Делчево со Родино, Монфорте д' Алба и Новело од Италија. Соработката е официјализирана деновиве со потпишување Меморандум за соработка со која се иницира збратимување на Делчево со трите општини од Италија и таа не е случајна, туку логична последица од блиските односи кои и досега ги имаа овие општини од двете држави, иако неформални, сепак цврсто изградени од нашите иселеници кои живеат и работат овде.

Со Меморандумот се предвидува: иницирање на формалниот процес на збратимување меѓу општините; промоција на културни, уметнички, туристички и економски размени; поттикнување соработка меѓу здруженијата, училиштата, бизнисот и институциите.

Ова го истакна градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, кој деновиве ја предводеше делегацијата од Општина Делчево во рамките на службената посета на трите општини во Италија.

Како што истакна Гоцевски, овој важен чекор претставува мост на пријателство и соработка меѓу нашите општини со цел зајакнување на економските, културните и општествените врски.

-Во разговорите со моите колеги градоначалници, ја потврдивме нашата посветеност за продлабочување на соработката, особено во областа на економијата, туризмот и културната размена. Воедно, ја започнуваме **иницијативата и за збратимување на Делчево со општините Новело, Монфорте д' Алба и Родино**, бидејќи овој чин има повеќеслојно значење и претставува важен чекор за долгорочен развој и меѓународна соработка на Општина Делчево. Ова збратимување гради мостови помеѓу локалните заедници и отвора можности за унапредување на локалните политики, особено во делот на економскиот развој, туризмот и руралниот развој. Збратимувањето ја зајакнува врските на иселениците со нивниот роден крај и создава предуслови тие да бидат активен фактор во развојот на Делчево- како преку инвестиции, така и преку пренесување искуства и знаења, нагласи Гоцевски.

Посетата на Пијамонте, Италија беше заокружена со средби и посета на неколку успешни бизнис- приказни, меѓу кои и компании водени од наши иселеници.

# Македонско Делчево и словеначки Чрномељ ја зацврстуваат соработката

Актуелности



Македонско Делчево и словеначки Черномељ ја зацврврстуваат соработката и ја промовираат својата приказна како позитивен пример на градење пријателство на две општини кои иако се далеку околу 1.000 км, сепак, цврсто поврзани со пријателство и желбата, да креираат нови форми на соработка што ќе донесат и нови позитивни искуства, во насока на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во двата града.

Во рамките на посетата на делегацијата на Општина Делчево предводена од градоначалникот Иван Гоцевски, беше остварена работна средба со градоначалникот на Черномељ, Андреј Кавшек на која се разговараше за нови иницијативи кои уште повеќе ќе ја продлабочат врската меѓу општините, а се однесуваат на локалниот економски развој, културата, образованието, туризмот, младинската политика и меѓуопштинската соработка.

Градоначалникот Гоцевски нагласи дека јасната визија за заеднички развој е нашата водилка, а градењето цврсти партнерства меѓу општините секогаш дава резултати.

- Делчево и Черномељ се очигледен пример дека јасната визија за просперитет може да ги анулира километрите оддалеченост и да ги поврзе како братски општини посветени на развојот и пријателството. Со голема чест и задоволство ја реализиравме нашата посета на Општина Черномељ, пример за една од најорганизираните противпожарни и цивилни заштити на светско ниво, нагласи Гоцевски.

Тој изрази благодарност за нивната досегашна поддршка посебно во опремувањето на ТППЕ Делчево и во едукацијата на млади од Делчево преку летните кампови за справување со кризни ситуации.

Делегацијата од Општина Делчево во чиј состав беа и претставници од ТППЕ Делчево имаше можност одблизу да се запознаат со организацијата, координација и професионалност на доброволните противпожарни служби што претставува поттик за понатамошен развој и унапредување и на силите во Делчево.

# Образованието во фокус во партнерството на Делчево и Рача, Р. Србија



Делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Иван Гоцевски престојуваше во повеќедневна работна посета на Општина Рача, Србија, општина со која Делчево има изградено партнерски односи кои се негуваат повеќе од 16 години.

Во рамките на посетата беше остварена работна средба со градоначалникот на Општина Рача, Бранко Радосављевиќ на кој беше потенцирано значењето од досегашаната соработка, а беше разговарано и за отворање нови перспективи на кои ќе се темели идната соработка.

Градоначалникот Гоцевски нагласи дека посетата на Општина Рача отвора ново поглавје во соработката во областа на образованието, како една од клучните инвестиции во иднината на нашите општини.

-Преку оваа средба ја потврдуваме определбата за поврзување на училиштата, размената на наставни практики и искуства. Посебен акцент ставаме на дигитализацијата во образованието, воведувањето современи методи на учење и градење партнерства меѓу училиштата. Нашата цел е да создадеме средина во која младите ќе имаат можности за нови хоризонти и перпсективи за личен професионален развој. Оваа соработка е инвестиција во знаењето и во иднината на двете општини. Веруваме дека само преку заеднички проекти и иницијативи можеме да создадеме нови можности за нашите општини и да изградиме трајни врски засновани на доверба и заемна поддршка, истакна Гоцевски.

Делчево и Рача, 16 години ја испишуваат успешната партнерска приказна и градат пријателство кое е поврзано со економскиот развој, културата и ловниот туризам.

Актуелности

# Разловци и Делчево се подготвуваат за одбележување на јубилејот 150 години Разловечко востание

Актуелности




Разловци и Делчево ги финализираат подготвките за одбележувањето на 150 години од Разловечкото востание -симболот на македонската борба за слобода. Обединети под мотото „Искра за вечна слобода“ во Делчево и Разловци ќе се организираат низа настани во кои активно се вклучени сите чинители од културата во Делчево, од образовните институции, од општинската администрација, комуналното претпријатие, општествено одговорни фирми и граѓани и ,секако, месното население, но и институции од национално ниво.

На првата прес-конференција по повод јубилејот, градоначалникот Иван Гоцевски истакна дека Разловци не е само историја, тоа е жива порака дека слободата се сонува, но и се освојува, дека идентитетот не се подарува, туку се брани со срце, крв и жртва.

-Разловци е место од каде се разгорела искрата за слобода и го запишала со црвени букви во историјата- првото вооружено востание организирано со сопствени сили и средства во Предлиниденскиот период, Разловечкото востание, а на знамето на Разловечкото востание извезано во 1876 година од вредните раце на учителките Недела Петкова и нејзината ќерка Станислава Караиванова во Солун, како јасен и гласен историски факт стои името Македонија, нагласи Гоцевски.

Настаните започнуваат од 20 април, со распишување литературни конкурси, ќе следуваат изложби, музички настани, историски часови во училиштата, ликовна колонија во село Разловци, а по повод јубилејот во Делчево ќе се одржи и локален базар на рачни изработки и производи во центарот на Делчево во функција на локалниот економски развој.

-На предвидената научна трибина на 18 мај, еминентни македонски историчари ќе изнесат свои научни трудови за различни аспекти на Разловечкото востание и неговите рефлексии и значење во модерен контекст. Во соработка со Генерал-штабот на Македонската армија во Делчево на 18 мај ќе се одржи концерт на армискиот оркестар проследен со егзирцир на Баталјонот за почести во рамки на пешадискиот состав на Армијата. Тој ден на летната сцена во Делчево го очекуваме и настапот на Националниот ансамбл за народни игри и песни Танец, како и настап на познати македонски фолк- изведувачи, нагласи Гоцевски.

# Актуелности

Централниот настан за одбележување на 150- годишнината од Разловечкото востание на највисоко државно ниво и почести ќе се реализира во селото Разловци на 19 мај.

-Со планинарски марш „По врвиците на востаниците” со учество на припадници на Македонската армија и полиција, Организацијата на резервни воени старешини, планинарски клубови и останати граѓани, ќе започне централниот настан за одбележување на 150- годишнината од Разловечкото востание на 19 мај. Предвидени се обраќања на највисокиот државен врв од центарот на село Разловци.Тогаш, свечено ќе биде отворен целосно реконструираниот и опремен Спомен- дом „Разловечко востание“ во селото Разловци во присуство на високи претставници на Македонските институции во државата и истакнати македонски општествени дејци. Со голема посветеност на Националниот конзерваторски центар, на Министерството за култура и туризам, но пред сè на македонската Влада предводена од премиерот, Домот во селото Разловци го добива својот заслужен нов лик како Споменик на културата на нашата држава. Во дворот на црквата „Свети цар Константин и царица Елена“ на 19 мај ќе биде приреден свечен световен ручек за сите присутни гости. Селото Разловци го добива заслуженото внимание на највисоките државни институции во Македонија, истакна Гоцевски.

Разловци ќе биде домаќин на високи претставници од државата, од најразлични институции, уметници, гости од Општината, но и на сите добронамерници кои ќе го посетат востаничкото Разловци и ќе бидат дел од свеченоста за да ја почувствуваат магијата на времето и да бидат сведоци на историјата и современоста, на спомените кои ја испреплетуваат индивидуалната жртва и колективната слобода, но и да го осетат спојот на локалното Разловци со националното значење.

-Во оваа прилика изразувам најголема благодарност до македонската Влада и премиерот проф. д-р Христијан Мицкоски, Министерството за култура и туризам, Националниот конзерваторски центар Скопје, Музеј на Македонија, Началникот на Генералштабот на Македонската армија и сите локални институции, но и пријатели на Делчево коишто несебично се вклучуваат и даваат поддршка за достојно одбележување на овој голем јубилеј не само за Делчево, туку за целиот македонски народ. Ги поканувам сите граѓани да бидат дел од ова одбележување, порача Гоцевски.

За сите предвидени настани во рамки на одбележувањето на 150- годишнината од Разловечкото востание, јавноста ќе биде редовно и детално информирана преку веб-страницата на Општина Делчево, интернет- порталите, социјалните мрежи и останатите медиуми.



# Традиционален планинарски марш „По врвиците на востаниците“

Актуелности



Во чест на одбележувањето на 150-годишнината од Разловечкото востание, Општина Делчево го организира традиционалниот планинарски марш „По врвиците на востаниците“.

По тој повод, Општина Делчево ги поканува сите заинтересирани планинарски друштва, поединци и љубители на планинарењето и на природата, како и претставници од институциите да земат учество на традиционалниот планинарски марш со што ќе поминат една од планинарските маршрути кои ја поминувале разловечките востаници промовирајќи ја идејата за слобода.

Планираната маршрута на планинарскиот марш е со релација од с. Тработивиште- брана Лошана– с. Разловци и е во должина од 10 км и се цени како лесно рекреативна патека.

Според планираната програма, зборното место за планинарите е паркингот на Спомен-домот АСНОМ во 7 часот на 19 мај од каде ќе биде организиран превоз до с. Тработивиште.

Сите заинтересирани, учеството на маршот треба да го пријават најдоцна до 15.05.2026 кај координаторот на маршот Љупчо Чучуковски (ПСК „Голак“ Делчево). Телефон за контакт 070605137.

Актуелности

# Низа активности по повод Разловечкото востание во СОУ „М.М.Брицо“




Во чест на Разловечкото востание, СОУ „М.М.Брицо“ во соработка со Општина Делчево се вклучува во одбележувањето на 150-годишнината на Разловечкото востание со низа активности, обединети под мотото „Разловечко востание првата македонска искра за слобода“.

Училиштето ќе организира :

- Квиз на знаење
- Конкурс за есеи на тема „Разловечко востание првата македонска искра за слобода“
- Видеопрезентација

Учениците кои сакаат да учествуваат во квизот на знаење треба најдоцна до 4 мај да се пријават за учество кај професорката Биљана Петровска;

Есејот треба да содржи од 500 до 700 зборови, есеите да бидат шифрирани и најдоцна до 8 мај да се доставаат до училишната библиотека.

За најдобрите ученици следува награда.

Промотивниот настан е закажан за 14 мај во училиштето.

Актуелности

# Распишан литературен конкурс „150 години Разловечко востание-искра за вечна слобода на Македонија“




Со пораката ***Да ја одбележиме заедно историјата преку зборот и да ја чуваме искрата на слободата жива,*** ЈЛБ „Илинден“ и Општина Делчево ги повикуваат сите љубители на пишаниот збор да учествуваат на Литературниот конкурс распиша конкурс на тема **„**150 години Разловечко востание – Искра за вечна слобода на Македонија“.

Со распишувањето на литературниот конкурс, Општина Делчево и официјално ги започна настаните по повод одбележувањето на големиот јубилеј, еден век и половина од првото вооружени востание запишано со црвени букви во македонската историја и предилинденскиот период, со што се отвора едно поглавје на сеќавање, гордост и почит, бидејќи Разловци не е само историја, тоа е жива порака дека слободата се сонува, но и се освојува.

Согласно со условите предвидени во Конкурсот, љубителите на пишаниот збор можат да конкурираат во двете категории-поезија и проза, а право на учество имаат:

-Ученици од општинските основните училишта
-Ученици од средното општинско училиште
-Останати граѓани

Крајниот рок на доставување на творбите е 04.05.2026 г.(понеделник), а творбите можат да се достават:

-Во просториите на ЈЛБ„Илинден“- Делчево
-Кај наставниците по македонски јазик за основците
-Кај професорите по македонски јазик за средношколците
-На e-mail: m.biblioteka@t.mk

Во сите категории ќе бидат доделени награди за прво, второ и трето место во сите категории, а најдобрите творби ќе бидат јавно прочитани и промовирани на завршниот дел од манифестацијата за одбележување на 150 годишнината од Разловечкото востание на 19 мај во село Разловци.

Култура и традиција

# Велигденска изложба: богатство од идеи и декорации




Илјадници велигденско украсени јајца, најразлични креации и украси, но и слатки велигденски специјалитети спакувани во традиционалната „Велигденска изложба“ беа изложени на десетина штандови поставени пред летната сцена. Во Делчево се славеше традицијата поврзана со Велигден и Велики четврток која на виделина ги извади сите креативни идеи на домаќинките, учениците, воспитувачките- поврзани со овој голем христијански празник кој е симбол на победата на животот над смртта.

Свои велигденски декорации изложија: ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св. Климент Охридски“, СОУ „М.М.Брицо“, детската градинка „Весели цветови“, ОО на Црвениот крст- Делчево, ФГ „Копачка“, вработените во ЈЛБ „Илинден“ и Здружението на граѓани „Серафина“.

Велигденската изложба има хуманитарен карактер, а на најдобро декорираните штандови им беа доделени награди. Првата награда за најдобар штанд во износ од 3.000 денари ја добија учениците од прехранбената насока при СОУ „М.М.Брицо“, детската градинка „Весели цветови“ ја освои втората награда во висина од 2.000 денари, а трета награда во висина од 1.500 ден освоија учениците од ООУ „Ванчо Прке“. Посебна пофалница за учество доби ЗФГ „Копачка“ за декорација на штанд со етномотиви и за промоција на традицијата.

Настанот беше збогатен со културно-уметничка програма на која настапи ФГ „Никола Јонков Вапцаров“.

Инаку, традицијата поврзана со Велики четврток е појдовна идеја за Велигденската изложба или јајцејадата. Велики четврток е денот кога започнува Христовото страдање и кога е донесена неговата смртна пресуда по предавството од Јуда. Првото бојадисано јајце треба да е во црвено – и ја симболизира Христовата крв.

Култура и традиција

# Одбележан Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април



Под мотото „И ние сме дел од општеството“, по повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април, во организација на Општина Делчево и РЕЦ ТЕРНИПЕ МК беше одржана пригодна свеченост на која се славеше ромската култура и традиција, но се потенцираше и мултикултурализмот како водилка во општеството.

На свеченоста, градоначалникот Гоцевски ги додели и традиционалните парични награди на најдобрите ученици Роми во трите образовни институции во Делчево истакнувајќи дека ова е еден инструмент за мотивација на учениците Роми да постигнуваат поголеми успеси во образованието, а годинава наградите се со зголемен износ од илјада денари.

Награда во висина од 11.000 ден доби средношколката Хулејда Мемедова ученичка во СОУ „М.М.Брицо“ во 1 година средно стручно образование; Награди во висина од 6.000 ден. добија Зекри Ибраимов ученик во ООУ „Ванчо Прке“ во 9 одд. и Јасен Демиров од ООУ „Св.Климент Охридски“ во ПУ во с. Тработивиште ученик во 7 одделение.

Градоначалникот Гоцевски обраќајќи се пред присутните истакна дека овој ден има посебно историско и симболично значење за нашите пријатели, сограѓани, соседи од нашето маало, Ромите.

-Меѓународниот ден на Ромите не е само датум, туку, ден со кој оддаваме почит кон историјата, културата и духот на ромската заедница, но и ја потврдуваме нашата заедничка обврска-да градиме општество во кое секој човек има еднакви можности, достоинство и глас што се слуша. Овој ден е потсетник дека различностите не нè делат, тие нè збогатуваат. Да не дозволиме ниту еден човек да биде оставен на маргините! За мене, овој ден повикува на акција- да изградиме општество во кое различностите се почитуваат, а еднаквоста не е идеал, туку реалност, да бидеме заедница која гради мостови, а не ѕидови, нагласи Гоцевски.

Ермина Реџепова, претседателка на ТЕРНИПЕ МК го истакна значењето на мултикултурализмот како придобивка во едно општество.

На настанот беше презентирана ромската култура и традиција и ромскиот јазик; на сцената настапија учениците од ООУ „Св.Климент Охридски“- ПУ во с. Тработивиште; беше презентирана фолклорната ромска традиција со изведба на балкански ромски танци на членовите од ТЕРНИПЕ-МК; а за прв пат на сцена настапи и блех-оркестарот составен од млади изведувачи; Традиционално свеченоста заврши со традиционалната ромска трпеза подготвена специјално за овој настан.

Култура и традиција

# Светски ден на книгата и авторското право: Електронско читање – предности и недостатоци



По повод 23 април – Светскиот ден на книгата и авторското право, во ЈЛБ „Илинден“ – Делчево се одржа дебата на тема „Електронско читање – предности и недостатоци“, на која активно учество зедоа учениците од IX-1 одделение при ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево, заедно со нивниот класен раководител Билјана Стоиловска, наставник по македонски јазик.

Во дебатата свое обраќање имаше директорката на библиотеката Билјана Петровска, која истакна дека изборот помеѓу електронското и традиционалното читање зависи од личните навики и потреби.

„Најважно е да се чита, без разлика на форматот, бидејќи читањето секогаш го збогатува умот и духот“, нагласи Петровска, додавајќи дека библиотеката, во зависност од можностите, ќе работи на дигитализација на својот книжевен фонд.

Пред присутните зборуваше и Билјана Стоилова, наставник по македонски јазик во ООУ „Ванчо Прке“, која се осврна на значењето на читањето и познавањето на македонската граматика.

Во дискусијата се вклучи и Даниела Такева од Општина Делчево, лектор и поранешен новинар, која говореше за предизвиците што ги носи дигиталното време, употребата на латиницата наместо кирилицата на социјалните мрежи, како и честата појава на зборови со погрешно или изменето значење.

– Без разлика дали текстот е во книга, на екран или во кратка објава, јазичната точност е она што му дава кредибилитет, јасност и вредност. Лектурата не е само техничка проверка – таа е процес на „чистење“ и усовршување на мислата. Таа обезбедува текстот да биде разбирлив, логичен и стилски уедначен. Во традиционалното издаваштво, лектурата била задолжителен чекор, што придонело книгите да станат пример за правилен јазик и култура на изразување. Денес, со лесното објавување на содржини онлајн, овој чекор често се прескокнува, што води кон пад на јазичните стандарди, нагласи Такева.

Свое искуство сподели и Југра Симева, наставник по македонски јазик во пензија, која зборуваше за тоа како учениците во минатото ја доживувале книгата и љубовта кон читањето.

По традиција, на Светскиот ден на книгата, ЈЛБ „Илинден“ – Делчево го избира и читателот на годината. Годинава ова признание им припадна на Даниела Стефановска и Едвина Бекирова, со желба и понатаму да останат верни читатели на библиотеката.

Култура и традиција

# Светот на детската фантазија продефилира низ Делчево




Обединети под „Априлијадата“ и бујната детска фантазија и имагинација, денеска стотина маски го обоија Делчево во знакот на детскиот свет. Низ градот продефилираа принцези, пчели, самовили, најразлични животни и ликови од детските бајки, но и јунаци кои се борат за правдата и се заштитници на обесправените. Тие преку своите маски ни покажаа дека светот може да биде поубав, поразигран, а секој костум носи приказна раскажана од детските очи и смеа. Низ џагор и смеа, детскиот свет потсети дека смеата, креативноста и ведриот дух се дел од секојдневието што треба да го негуваме.

Годинава домаќини на „Априлијадата“ беа ученици од ООУ „Ванчо Прке“, кои со многу шеги и игра на летната сцена во Делчево, ја разбрануваа многубројната публика и покажаа дека оваа манифестација не е само игра. Таа е симбол на детството, на слободата да се биде свој и на храброста да се сонува.

На летната сцена со своја игра под маски, освен учениците на ООУ „Ванчо Прке“, настапија и ученици од ООУ „Св.Климент Охридски“, а голема атракција беа најмалите, дечињата од детската градинка „Весели цветови“. Сите заедно на сцената, тие испратија порака дека Априлијадата е повеќе од дефиле- таа е сцена на која децата сакаат да ја изразат својата фантазија за да се создаде еден поубав свет.

Традиционално, Априлијадата се организира по повод Денот на шегата, 1 Април, но поради лошите временски услови во делчево, организаторите одлучија танцот на децата под маски да се одржи денес.

Инаку, организатор на настанот е Општина Делчево со поддршка на сите образовни институции во градот и НУЦК „Н.Ј.Вапцаорв и ЈЛБ „Илинден“.

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**